ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО
ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бр 5, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 054
Централа.: 02 3289 054
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

До: ЈЗУ
Дата: 13.11.2017 година
Број:

Предмет: Известување за преговори со ЈЗУ за 2018 година

Почитувани,

Согласно Законот за здравствено осигурување, процесот на преговарање́ и утврдување на договорени надоместоци за 2018 година со јавните здравствени установи, ќе се почннат од **20 ноември 2017 година.** Преговорите се водат на највисоко ниво, пооделно со секоја здравствена установа по однапред утврден и усогласен распоредот,за што ќе бидете дополнително информирани од стручните служби на Фондот. Со преговорите ќе бидат опфатени остварувањата на видот и обемот на здравствени услуги во тековната 2017 година и планираниот вид и обем на здравствени услуги за периодот јануари - декември 2018 година, со посебен осврт на новата опрема и нови методи и воведување на нови здравствени услуги, како и финансиски и друг вид на податоци и информации кои влијаат на утврдување на договорениот надоместок за 2018 година за здравствена установа.

Посебна важност ќе имаат направените анализи за согледување на тековната состојба и развојната стратегија на здравствената установа, кои ќе бидат подржани од страна на менаџментот на Фондот.

1. Сите набавки на лекови во текот на годината по тип на лек со вкупна количина и вкупна сума за период 2016 и 2017 година

-Сите набавки на медицински потрошен материјал по тип на материјал со вкупна количина и вкупна сума за период 2016 и 2017 година

2. Најчесто извршени здравствени услуги во тековната година во Вашата здравствена установа

3. Кратка SWOT анализа односно менаџерите со нивното управување и стратегија за развој на здравствената установа (предности и слабости ). Анализата треба да ги содржи најважните фактори од секоја категорија.

4. Долгови спрема други ЈЗУ и Побарувања од други ЈЗУ со состојба на 30.09.2017 година.

Податоците треба да се достават до среда 16.11.2017 година, во печатена форма и на меил : dogovori@fzo.org.mk .

Во прилог се табелите што треба да ги пополни секоја ЈЗУ.

Со почит,

Изготвил: Дајана Ѓозева
Оддел. за буџетска координација и преговарање

**Директор,**
**Данаил Дончев**

**Директор,**
**Орхан Рамадани**
**Orhan Ramadani**